ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 04-1083/4**
**18.08.2026 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ број 11/15 и 35/18) и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија (бр.01-2216/16, 01-730/18, 01-1576/18, 01-187/19, 01-485/20, 01-1013/20, 01-1622/20, 01-250/21, 01-856/21, 01-1977/21, 01-2383/22, 01-2493/22, 01-819/23, 01-1254/23, 01-903/25, 01-1129/25 и 01-150/26), Општина Гевгелија објавува,

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 02/2026
## за унапредување на 1 (еден) административен службеник во општинската администрација на општина Гевгелија

Општина Гевгелија повикува заинтересирани административни службеници, вработени во општинската администрација, кои ги исполнуваат законските услови, да поднесат пријава за пополнување на следното работно место преку интерно унапредување:

**1. УПР 01 01 Б04 000 – Раководител на одделение за располагање со државно градежно земјиште, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина, -1 (еден) извршител.**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: **Архитектура, урбанизам и планирање, Градежништво и водостопанство, Правни науки.**
- најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен секрот, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- положен испит за административно управување.

**Потребни општи работни комепетенции на средно ниво:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни,
- финансиско управување.

**Распоред на работното време:**
- работни часови во неделата: 40 часови
- работно време: од 8:00 часот до 16:00 часот
- работни денови: Понеделник - Петок
- паричен износ на основна нето плата: 52.409,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Гевгелија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници, Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на исто ниво
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Гевгелија, освен во хартиена форма, може да биде испратена и електронски на следната адреса: tome.jankulovski@gevgelija.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази оригинал или заверени на нотар.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошна постапка.

Секретар
на општина Гевгелија,
Оливера Крстова

ГЕВГЕЛИЈА

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

## ПРИЈАВА
**за унапредување на административен службеник преку**
**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

1. Податоци за огласот:
   -Број на интерен оглас ____________________
   -Назив на работно место за кое се пријавува ____________________
   ____________________
2. Лични податоци за кандидатот:
   -Име ____________________
   -Презиме ____________________
   -Распореден на работно место ____________________
   -Во сектор/одделение ____________________
   ____________________
   -Контакт телефон ____________________
   -e-mail адреса ____________________
3. Податоци за исполнување на посебните услови
   -Степен на образование или стекнати кредити ____________________
   -Вид на образование ____________________
   -Образовна институција ____________________
   -Насока ____________________
   -Податоци за вкупното работно искуство во струката (години и месеци):
      -во јавен сектор ____________________
      -во приватен сектор ____________________
4. Податоци за оценување (оцена) во последната година пред објавување на интерниот оглас ____________________
5. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавувањето на интерниот оглас ____________________
6. Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас ____________________
7. Потврда/сертификат од обуки ____________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, а доставените докази верни на оригиналот.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Бр. 04-1083/5
18.08.2026 год.

Подносител на пријавата
Административен службеник

____________________
име и презиме